**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1303-230/10**

**Скопје, 28.06.2007 година**

## АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА „ТЕЦ НЕГОТИНО“ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - НЕГОТИНО

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино во државна сопственост с.Дуброво, Неготино (во понатамошниот текст ТЕЦ Неготино ) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 9 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино во државна сопственост с.Дуброво, Неготино за годината 2005 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија. Споредбените податоци на финансиските извештаи од точка еден на овој извештај како што е објаснето во образложенијата на финансиските извештаи се дадени во две колони (за периодот 01.01.-31.08. и 01.09.-31.12.2005 година), поради настанати статусни промени.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Миле Илов – Претседател на Управен одбор и Генерален директор без ограничувања од 01.09.2005 година до 29.09.2006 година и

   - Мите Јовановски Претседател на Управен одбор и Генерален директор без ограничување од 30.09.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 07.03.2006 до 14.05.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на Акционерското друштво и одговорното лице на друштвото за периодот за кој е вршена ревизијата добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 1304-230/9 од 05.06.2007 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1 При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки констатирано е постоење на ризик на нефункционирање на контролните постапки кои ќе обезбедат доследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки и набавка на производи и услуги по најповолницени и услови на набавка. Непостоењето и нефункционирањето на интерните контроли во овој процес предизвикува можност од незаконско и ненаменско користење на средствата и обезбедување на еднаква положба на понудувачите и фер конкуренција.

**Препораки и мерки:**

1. Надлежните органи на друштвото да пристапат конпропишување и донесување на интерни акти во согласност со законската регулатива кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки согласно Законот за јавна внатрешна контрола и ќе обезбедат законско,наменско,економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

11.2. **Неправилна примена на акти**

11.2.1. ТЕЦ Неготино има донесено Правилник за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност на ден 20.11.2006 година, меѓутоа во истиот не ги има определено групите на производи, ниту пак има посебна евиденција за истите, не ја почитува пропишаната форма и содржина на Годишниот План за јавни набавки за 2006 година во делот на динамика на реализација по месеци, не подготвува тендерска документација (освен спецификација) за секоја одделна јавна набавка, немаат побарано претходна согласност за склучените договори со преговарање од Бирото за јавни набавки врз основа на претходно спроведени две постапки на отворен повик кога немало доволен број на понуди за кои извршени се набавки во износ од 6.938 илјади денари, што е спротивно на Законот за јавни набавки

Непочитувањето на законските прописи и непревземањето активности за изработка и донесување на наведените акти согласно Законот за јавни нававки предизвикува можност за ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторкса положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките. (Прилог број 1)

**Препораки и мерки:**

2. ТЕЦ Неготино да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и нивно постојано ажурирање согласно Законот за јавните набавки.

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Во текот на ревизијата е констатирано дека состојбата на одредени билансни позиции се резултат на Планот на поделба и измените на Планот на поделба на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост донесени од Управниот одбор број УО бр.02-3856/15/1 од 04.07.2005 година и УО бр.02-4180/17/1.1од 22.07.2005 година. Имајки во предвид дека друштвото кое е предмет на ревизија не располага со потребните веродостојни документи од кои може да се потврди веродостојноста и објективноста на биласните позиции, поради што од страна на Државниот завод за ревизија е доставено Барање заведено под број 1310 – 333/1 од 02.04.2007 година до АД Електростопанство на Македонија со кое бара најдоцна до 10.04.2007 година да ги достави потребните документи и тоа:

- Планот за поделба составен во форма на нотарски акт со сите негови прилози и тоа:

**А) Прилог број 1** - Биланс на состојба со ден 31.05.2005 година и тоа:
- на АД ЕЛЕМ
- на АД ТЕЦ Неготино
- АД ЕСМ Дистрибуција и
- АД ЕСМ

**Прилог број 2** - Преглед на основни средства со состојба 31.05.2005 година и тоа:
- на АД ЕЛЕМ
- на АД ТЕЦ Неготино
- АД ЕСМ Дистрибуција и

**В) Прилог број 3** - Преглед на Побарувања и Преглед на обврски со ден 31.05.2005 година и тоа:

- На АД ЕЛЕМ
- на АД ТЕЦ Неготино
- АД ЕСМ Дистрибуција

**Г) Прилог број 4** – Преглед Заедничка набавка, Преглед Договори за подружница производство и Преглед Договори за подружница дистрибуција.

**Д) Прилог број 5** – кредитни обврски на АД ЕСМ – Производство

**Ѓ) Прилог број 6 –** Извод од Централниот депозитар на хартии од вредност.

**Е)** Табеларен преглед за бројот на вработени во сите друштва согласно Планот на поделба.

**Ж)** Решение од регистарската влошка на регистарскиот суд бр.02060953 ? – 4 – 03- 000 со прилози од 1-18 на АД ЕСМ, Извод од акциoнерската книга на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост, Скопје од Централниот депозитар на хартии од вредност.

- Доказ дека во предвидениот рок од член 522 од Законот за трговски друштва Планот за поделба е доставен до трговскиот регистар, извршена е предбележба и истата објавена во Службен весник на Република Македонија.

- Извештај за извршената ревизија на Планот на поделба согласно одредбите на член 525 од Законот за трговски друштва од овластени ревизори назначени од органите на управување на друштвата кои учествуваат во поделбата.

- Извештај од органите на управување што го донеле Планот за поделба во кој се наведени подробности содржани во членот 526 од Законот за трговски друштва.

- Правилник за начинот на пресметување и распределба на приходот на ЈП Електростопанство на Македонија.

- Книговодствениот налог број 299/2005 наведен во писмото под број 05-2589/1 од 28.04.2005 година, изготвен од Дирекција на АД ЕСМ за затварање на интерните односи.

- Пропратната документација за налозите за книжење спроведени во сметководствената документација на АД ТЕЦ Неготино под 31.08.2005 година од страна на АД ЕСМ за затварање на контата и намалување на акционерскиот капитал заради покривање на загубата ( налог број 106,107,108 и 109 од 31.08.2005 година).

- Одлука за покривање на загубата врз основа на која се спроведени книжење за намалување на акционерскиот капитал заради покривање на загубата под 31.08.2005 година.

Во бараниот рок односно до денот на изготвувањето на ревизорскиот извештај АД Електростопанство на Македонија не ги достави бараните податоци со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата, и го оневозможи утврдувањето на објективноста и веродостојноста на состојбата на одредени билансни позиции на ТЕЦ Неготино.

11.3.2. Во сметководствената евиденција ТЕЦ Неготино има евидентирано залиха на ситен инвентар во износ од 6.413 иљјади денари и ситен инвентар во употреба во износ од 970 иљјади денари. Кога се набавува ситен инвентар за приемот на истиот во магацинот и негово издавање во употреба од страна на магационерот до сметководството се доставува само приемница за набавениот ситен инвентар, а за

издадениот ситен инвентар во употреба магационерот не изготвува и доставува документ-испратница до сметководството за да се евидентира издавање на ситен инвентар во употреба. Во магацинската евиденција постои Картон за задолжение кој служи како помошна евиденција на магационерот за да има увид на кого се му е издаден ситниот инвентар,. При изготвување на годишниот попис целокупниот ситен инвентар се евидентира на една пописна листа во која не е разграничено кој ситен инвентар е во употреба , а кој ситен инвентар е на залиха. Поради немање на документ за издавање на ситниот инвентар во употреба во сметководствената евиденција не се евидентира издавање на ситен инвентар во употреба иако според помошната магацинска евиденција поголемиот дел од ситниот инвентар е даден во употреба. Ваквиот начи на работење е спротивен на членот 472 од Законот за трговски друштва, МСС и усвоениот Правилник за сметководствените политики и нивна примена во подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Непочитувањето на наведените законски акти и меѓународни стандарди предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди кое има свое влијание во насока на квалитетот на финансиските извештаи и релеватноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат

**Препораки и мерки:**

1. ТЕЦ Неготино да превземе мерки и активности и да воспостави сметководствени политики за евидентирање на, залихи на материјали, ситен инвентар, автогуми и амбалажа согласно МСС и законските и подзаконските прописи.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. ТЕЦ Неготино во текот на 2006 година без спроведена постапка за јавни набавки извршила набавка – чистење од корозија и фарбање на метална површина како и варосување со поликолор на одредени места во фабриката од страна на Победа инжињеринг ДООЕЛ Скопје за што се доставени две фактури на вкупен износ од 5.097 илјади денари. За извршените градежни работи во текот на 2006 година нема склучено Договор со добавувачот . Вакви градежни работи од истиот добавувач се извршени и во 2005 година чија вредност изнесува 3.944 илјади денари без постапка за јавни набавки, а во 2004 година е спроведена постапка за јавни набавки која согласно Одлуката број 1107-91/2 од 19.01.2004 година за јавна набавка и Барањето за прибирање понуди број 1/2004 заведено под број 1107-101/1 од 20.01.2004 година се однесува за 2004 година и извршени се градежни работи во вкупен износ од 9.090 илјади денари или вкупно чистење од корозија и фарбање на метална површина како и варосување со поликолор за 2004, 2005 и 2006 година во износ од 18.131 илјади денари.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препораки и мерки:**

1. ТЕЦ Неготино да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе се овозможи фер конкуранција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите и економичност на набавките.

**Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2 и 11.3 предизвикуваат: недонесување на соодветни акти и непочитување на пропишаните процедури за набавки од мала вредност, непочитување на одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководството, неправилности во искажување на билансните позиции, непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за јавни набавка.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1., 11.2. 11.3. и 11.4. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ТЕЦ Неготино под 31 Декември 2006 година.

13. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.1. и 11.4. кај ТЕЦ Неготино остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Во сметководствената документација за 2006 година евидентирани се трошоци за осигурување на материјални и нематеријални средства во износ од 38.709 илјади денари. Евидентираните трошоци се однесува и тоа: за 2006 година е износ 23.082 илјади денари и за 2005 година е износ од 15.627 илјади денари. За искажаниот трошок на осигурувањето кои се однесуваат за 2005 година, а се евидентирани во 2006 година со ревизијата е констатирано следното:

Врз основа на Договорот за повегодишно осигурување заведен под број 03-2258 од 22.04.2002 година склучен помеѓу АД Електростопанство на Македонија во деджавна сопственост и Акционерското друштво за осигурување Табак осигурување Скопје во текот на 2005 година за Подружницата ТЕЦ Неготино добиени се фактури кон кои се приложени полиси за осигурување на имотот за 2005 година во вкупен износ од 15.627 илјади денари кои се евидентирани во сметководственста евиденција на ТЕЦ Неготино заклучно со 31.08.2005 година. Според организационата поставеност на тогашното Електростопанство на Македонија обврските се евидентираат во рамките на подружниците, а плаќањето на истите е од Дирекцијата на АД Електростопанство на Македонија.

На ден 13.07. 2005 година и 15.07.2005 година до ТЕЦ Неготино добиени се писма испратени од страна на АД Електростопанство на Македонија во државна сопственост заведени под број 0503-606/1 од 13.07.2005 година и број 0503-613/1 од 15.07.2006 година. Во писмата е наведено дека фактурите за осигурувањето се платени од тогашната Дирекција на АД Електростопанство на Македонија поради што треба во сметководството да се спроведат соодветни книжења, односно да се намали обврската спрема Табак осигурување. Во сметководството на ТЕЦ Неготино е спроведено книжење и е намалена обврската спрема Табак Осигурување.

Кон писмата се проиложени фотокопии од фактурите доставени од Табак осигурување за висината на премијата за осигурување за 2005 година со


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

список на Подружници на кој е разграничена премијата по Подружници.На фактурите стои печат со кој се потврдува дека се ликвидирани од овластено лице на ден 14.06.2005 година и печат и потпис со кој се одобрува исплата на истите.

На ден 10.04.2006 година од страна на АД ЕСМ Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија е добиено книжно задолжување по основ на обврски за Осигурување за 2005 година заведено под број 0503 - 181/1 . Во задолжувањето е наведено дека наведените фактури не се платени од страна на ЕСМ и се содржани во Протоколот за понатамошното исполнување до истекот на рокот на Договорот за повекегодишно осигурување потпишан помеѓу АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ, АД ЕСМ и АД ТЕЦ Неготино.Поради тоа ТЕЦ Неготино повторно евидентирал обврска спрема Табак осигурување.

Ревизијата изразува резерва во веродостојноста на горенаведените податоци поради немање увид во делбен биланс каде може да се согледа дали наведената обврска е измирена според доставеното писмо со кое се известуваат дека обврската е измирена, а со тоа е намалена обврската на ТЕЦ Неготино од ЕСМ, а потоа е добиена информација и потпишан Протокол дека обврската не е измирена.

14.2. Согласно Одлуката број 23-2909/1 од 19.09.2000 година за преобразба на Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија – Скопје во Акционерско друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија Електростопанство на Македонија во државна сопственост, Скопје, извршена е преобразба на претпријатието. Основна главнина на друштвото регистрирана во Статутот и регистарската влошка во судот изнесува 41.904.582 илјади денари поделена на 41.904.581 обични акции што гласат на име , со номинална вредност од 1 илјада денари. Оваа вредност на Акционерскиот капитал е формирана од книговодствената вредност на капиталот со состојба на 30.09.2000 година. Имено според писменото известување број 05-8328/1 од 28.10.2003 година АД Електростопанство на Македонија до Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино испратил писмено известување заради усогласување на книговодствената евиденција на акционерскиот капитал на АД ЕСМ во своето сметководство заради евидентирање на акционерскиот капитал да изврши прекнижување на целокупниот капитал во вредност од 1.784.591 илјади денари од Државен јавен капитал на Акционерски капитал. Подружницата ТЕЦ Неготино постапила по известувањето при што во својата евиденција евидентирала акционерски капитал во вредност од 1.784.591 илјади денари или 1.784.591 акции чија номинална вредност е 1 илјади денари. Пред да се изврши поделба на Акционерско друштво за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија Електростопанство на Македонија во државна сопственост, Скопје, добиени се упатства од дирекцијата за начинот на затварање на меѓусебните односи помеѓу подружниците по кои инструкции ТЕЦ Неготино спровел книжења во својата сметководствена евиденција. Во налогот за книжење број 109 од 31.08.2005 година кој е спроведен од страна на АД ЕСМ во име на ТЕЦ Неготино и во сметководствената евиденција на ТЕЦ Неготино од акционерскиот капитал и државниот јавен капитал со кој располага ТЕЦ Неготино е евидентирано покривање на целокупната загуба на ТЕЦ Неготино. Меѓутоа ревизијата констатира дека износот на загубата е 1.193.990 илјади денари , а акционерскиот капитал е намален за 1.212.096 илјади денари и другиот капитал е намален за износ од 18.479 илјади денари или вкупно капиталот е намален за 1.230.575 илјади денари, односно повеќе е намален капиталот отколку што е загубата за износ од 36.585 илјади денари. За овој износ во сметководствената евиденција на ТЕЦ Неготино

евидентирана е ревалоризациона резерва. За спроведеното книжење за намалување на капиталот за покривање на загубата и евидентирање на ревалоризациона резерва на ревизијата не и е презентирана пропратна документација ниту и е презентирана Одлука од надлежен орган за начинот на покривање на загубата и намалување на акционерскиот капитал. Пропратната документација и Одлуката за начинот на покривање на загубата е наведена во Барањето опишано во точка 11.3.1. од овој Извештај.

**Скопје, 28.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Акционерско Друштво за производство на електрична енергија ,ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 01.01.-31.08. | 2005 01.09-31.12. |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 947,341 | 99,842 | 57,451 |
| Останати деловни приходи | 45,267 | 957 | 220 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **992,608** | **100,799** | **57,671** |
| Материјални трошоци | 949,725 | 11,890 | 5,243 |
| Трошоци за бруто плати | 101,780 | 48,395 | 25,357 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 27,834 | 19,807 | 9,599 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | | 1,401 | |
| Останати оперативни трошоци | 55,453 | 19,403 | 9,817 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1,134,792** | **100,896** | **50,016** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 11 | 18 | 8,395 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 19 | 32 | 13,962 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(142,192)** | **(111)** | **2,088** |
| Вонредни приходи | 150,529 | 111 | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **8,337** | **-** | **2,088** |
| **Данок од добивка** | **3,757** | | **69** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **4,580** | | **2,019** |

**Акционерско Друштво за производство на електрична енергија ,ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 01.01.-31.08. | 2005 01.09-31.12. |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 1,974 | 1,385 | 6,509 |
| Побарувања по основ на продажба | - | 2,239 | 26,537 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 554 | 2,401 | 6,720 |
| Други краткорочни побарувања | 30,284 | 188 | 194 |
| Залихи | 454,056 | 38,528 | 38,057 |
| Платени трошоци за идните периоди | | 15,727 | |
| **Вкупно тековни средства** | **486,868** | **60,468** | **78,017** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 712,042 | 749,503 | 740,472 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 0 | 682 | 682 |
| **Вкупно нетековни средства** | **712,042** | **750,185** | **741,154** |
| **Вкупна актива** | **1,198,910** | **810,653** | **819,171** |
| **Вонбиласна евиденција-актива** | - | | - |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 518,206 | 171,316 | 179,331 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 35,222 | - | - |
| Останати краткорочни обврски | 3,955 | 25 | 8,458 |
| Одложени плаќања на трошоци | | 10,469 | |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **557,383** | **181,810** | **187,789** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 573,059 | 572,495 | 572,964 |
| Ревалоризациона резерва | 61,870 | 56,348 | 56,400 |
| Резерви | 1,563 | | 313 |
| Нето добивка | 5,035 | | 1,705 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **641,527** | **628,843** | **631,382** |
| **Вкупна пасива** | **1,198,910** | **810,653** | **819,171** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | - | | - |

**Акционерско Друштво за производство на електрична енергија ,ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино**

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Ревалоризациона резерва | Резерви | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **572,964** | **56,400** | **313** | **1,705** | **631,382** |
| Добивка за финансиска 2006 година | | | | 4,580 | **4,580** |
| Распределба на добивката за 2006 година во корист на капиталот и резервите | | | 1,250 | (1,250) | **-** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | 5,470 | | | **5,470** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | 95 | | - | | **95** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **573,059** | **61,870** | **1,563** | **5,035** | **641,527** |

**Акционерско Друштво за производство на електрична енергија ,ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2006/2005** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **8,337** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 27,834 |
| Данок од добивка | (3,757) |
| Данок од добивка | |
| **Готовински текови од работење** | **32,414** |
| Побарувања по основ на продажба | 26,537 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 6,166 |
| Краткорочни финансиски вложувања | - |
| Други краткорочни побарувања | (30,090) |
| Залихи | (410,117) |
| Обврски спрема добавувачи | 338,875 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 35,222 |
| Останати краткорочни обврски | (4,503) |
| Одложени плаќања на трошоци | - |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(5,496)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 682 |
| Нематеријални и материјални вложувања | 279 |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **961** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(4,535)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **6,509** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **1,974** |